# 1
# ЗЛАТОГРБИОТ ЧАКАЛ

Тие се појавија од густиот див невен на падината – седумдесет или осумдесет чакали од сите големини. Се движеа во правец на скриената посматрачница која Чампа, мојот водич Тибеќанец, и јас ја изградивме во една крошна. Тоа беа златогрби чакали, карактеристични за планината Гаолигонг во провинцијата Јунан. Јас бев пресреќен и веднаш ја наместив мојата камера за да ги снимам. Чакалите се мали цицачи од родот *Canis*, па затоа и се познати како „диви кучиња“. Тие се месојади со среден раст. Во многу места обичните чакали ги нарекуваат „црвени кучиња“ или „црвени волци“ поради нивното црвеникавокафеаво крзно. Во Северна Америка има еден вид познат како сребреногрб чакал поради линијата од сребреникави влакна која го покрива неговиот грб. Пред неколку децении, еден француски природонаучник пеш ги истражуваше кањоните на планината Гаолигонг и токму тогаш откри еден вид чакали со златеста линија на нивните грбови, па затоа ги нарече и златогрби чакали. За жал, тие се мошне ретки и се активни претежно во подрачјата на постојан снег каде што повеќето луѓе не можат да живеат. Иако Зоолошкиот институт од Јунан постојано праќаше истражувачки тимови во оваа област, тие никако не успеваа да најдат ниту трага од таинствените златогрби чакали.

Не можев да ѝ поверувам на својата среќа! Се чувствував како некое непроценливо богатство да ми

паднало пред нозе или како да сум пронашол преполн паричник на тротоар. Златогрбите чакали навистина се разликуваат од другите чакали. Крзното на нивните грбови има дебел слој од златести влакна, па затоа изгледаат како да носат прекрасен златен појас; дебели црни линии минуваат од двете страни на нивните носови, веѓи, клепки и уши, истакнувајќи ги и давајќи им посебен белег на нивните лица. Кремавобелите влакна на нивните шепи прават да изгледаат како да стојат во снег. Меѓутоа, она што најмногу ме заинтригира беше описот на францускиот природонаучник според кој златогрбите чакали се животни што живеат во заедница и ги води една возрасна женска единка, додека другите видови чакали обично ги води млада машка единка која живее со мало семејство како основна единица. Структурата на глутницата златогрби чакали е реткост меѓу видовите чакали, па затоа мора да крие многу недоволно познати мистерии. Тие би биле совршена тема за моето истражување.

Со помош на зумот на мојата камера, јасно видов дека водачот на чело на глутницата беше женка, како што и предвидев. Таа беше повита од другите женки, а од нејзиниот стомак висеа десетина боски кои се нишаа како мали ѕвонци додека одеше. Можев да забележам дека таа беше стара: крзното на нејзиниот грб се беше претворило од златножолто во црвеникавозлатно и беше потемно од крзната на другите чакали. Четката на времето ги беше исцрнила влакната меѓу нејзината муцка и вратот; на нејзиното лице, закоравено од временските услови, една длабока лузна се протегаше од едното нејзино уво до нејзината челуст, правејќи нејзиното лице да изгледа уште поуморно и позагрижено. Ја нареков „Скарфејс“.

На околу сто метри од дрвото на кое се криевме, Скарфејс одеднаш застана, го подигна вратот и испушти едно тивко завивање. Потоа, како добро истренирани војници кои добиваат наредба од постар офицер, сите чакали, вклучувајќи и неколку младенчиња, застанаа. Некои се готвеа да се свртат и да избегаат; другите изгледаа како да ќе напаѓаат. Сите чакали гледаа во својот водач, чекајќи ја следната наредба. Таа подушка со носот и ги начули ушите, барајќи некакви сомнителни мириси или звуци. Јас бев малку нервозен, помислувајќи си дека таа може го слушне зуењето на моторот на камерата, па затоа веднаш ја исклучив. Токму тогаш го забележав звукот на тешко дишење што доаѓаше од зад мене. Се свртив и се изненадив кога го видов Чампа, мојот тибетски водич. Тој изгледаше како олицетворение на бесот: сините вени од вратот му беа набрекнати, чкрипеше со забите и градите му свиреа немирно. Изгледаше бесен како леопард. Чампа носеше стармодна ловечка пушка, од оние што мора да се полнат одново по секое пукање. Нишанејќи со цевката кон чакалите, тој се готвеше да го повлече чкрапалото...

Како зоолог, не можев да му дозволам да убие некој од овие скапоцени златогрби чакали. Немаше време за размислување, па во истиот миг ја грабнав неговата пушка и ја дигнав нагоре. Бенг! – силно одекна истрелот во небото, а наоколу се разлетаа безброј лисја. Скарфејс испушти едно долго завивање и избега во густежот. Другите чакали ја следеа и додека да трепнеш, и тие исчезнаа.

„Што ти стана? Како можеш тукутака да пукаш во нив?“, му се развикав.

„Злобни чакали! Тие злобни чакали... ќе им ги здробам черепите и потоа живи ќе ги одерам за да ја одмаз-

дам мојата кучка Снежана!“ Чампа чкрипеше со забите од бес, а во очите му навираа солзи.

Таа ноќ, во шаторот во кампот, Чампа отпи една голема голтка јачменово вино и ја раскажа со тажен глас приказната за тоа како тој (и неговата сакана кучка Снежана) се закрвил со златогрбите чакали.

# 2
# ГНЕВОТ НА ЛОВЕЦОТ

„Снежана беше ловечко куче и ја гледав уште од мали нозе. Нејзиното крзно беше бело како вечниот снег на планината Гаолигонг. Затоа ја нареков Снежана. Таа беше тибетски мастиф со педигре. Тие се најхрабрите ловечки кучиња во светот. Седум-осум години Снежана ме придружуваше каде и да одев во планината на лов. Еднаш, многу се опив и заспав во една дрвена колиба. Некако, не знам како, колибата се запалила, но јас ништо не забележав зашто бев онесвестен од пиење и лежев на креветот. Снежана се пробила низ пламените јазици и ме извлекла надвор од колибата. Немам деца, па таа ми беше како ќерка.“

„Пред три години, кога цутеше планинскиот јачмен, а на младите елени им никнуваа рогови, ја доведов Снежана на планината, на лов. На пола пат, каде што снегот уште се немаше стопено, два чакала скокнаа од една карпеста морена. Пукнав со пушката и му го разнесов половина череп на едниот чакал. Брзо како молња Снежана се вдаде кон машкиот чакал и му ја откина опашката. Потоа, го зедов телото на женката чакал и го ставив на мојот грб, а околу вратот си ја обвив власестата опашка, па се упатив кон Висорамнината Јуншан Пинг, каде што обично може да се најдат сика елени.“

„Не поминавме ни стотина метри кога нè опколи голема глутница чакали. Очигледно, мажјакот без опашка ја доведе својата банда за да ни се одмазди.“

„Снежана беше многу храбра. Им се нафрли на чакалите за да ги изгони, но тие беа премногу. Плашејќи се дека ќе изгуби во таков нерамноправен бој, ѝ свирнав за да дојде кај мене.“

„Има една стара изрека: ’Убиј го водачот и бандата ќе се растури, и удри онаму каде што најмногу боли.‘ Го побарав водачот на глутницата. Според моето искуство, откако ќе го застрелаш водачот, целата глутница се растура. Инаку, без оглед на тоа колку чакали ќе убиеш, тие постојано ќе напаѓаат и ќе напаѓаат и нема никогаш да се повлечат.“

„Не ми требаше многу за да сфатам дека водачот на глутницата е женка! Да, токму така, онаа што ја виде денес со лузненото лице. Тогаш, немаше лузна и изгледаше многу помлада. Кога нè виде, испушти неколку долги и неколку куси завивања кои, всушност, беа наредби до другите чакали да ме нападнат. Испукав неколку истрели кон неа, но таа беше многу брза и ги избегна, така што ниту влакно не ѝ фалеше.“

„По кусо време ми снема барут. Не ми остана ништо друго освен да истрчам кон еден јака бор кој беше оддалечен стотина метри. Чакалите се страшни суштества, но не можат да се качуваат на дрвја. Ако некако се изјазам на тоа дрво, ќе бидам на сигурно; а Снежана, откако ќе се искачам на дрвото, ќе може да отрча до кампот и да ги предупреди другите. Тибетските мастифи се силни и се побрзи од чакалите. Ќе може да им избега.“

„Безглаво се вдадов во бегство, трчајќи колку што ме носеа нозете кон борот. Стигнав до него за неколку мига, а потоа си ја нарамив пушката и со мртвиот чакал на мојот грб почнав да се качувам по борот. Во меѓувреме, Снежана лаеше кон чакалите за да ги одврати од намерата да ме нападнат додека се качував.“

„Снежана беше највероното куче во светот. Никогаш немаше да ме остави сè додека не беше сигурна дека сум сосема на безбедно. Обемот на стеблото на тој бор беше колку две раце. Качувањето беше тешко и бавно благодарение на мојата ловечка пушка од пет килограми и чакалот од 15 килограми на мојот грб. Многумина од глутницата почнаа да квичат, веројатно сфаќајќи дека штом се искачам на дрвото, нема да ми можат ништо. Нивното грозоморно квичење потсетуваше на плачот на гладни сеништа."
„И во тој миг, женката водач и мажјакот без опашка скокнаа од еден гребен и почнаа да трчаат право кон борот. Снежана се стрча да ги пресретне. Безопашестиот чакал се бореше со Снежана, обидувајќи се да ѝ овозможи на женката да дојде до подножјето на дрвото. Женката чакал скокна колку што можеше највисоко, обидувајќи се да ме дофати за глуждовите и да ме повлече надолу. Јас само што бев стигнал на половина од стеблото, а стапалата ми беа на околу два метра од земјата, во досегот на нејзината челуст. Држејќи се цврсто за дрвото со едната рака, го извлеков мојот долг нож со другата рака. Замавнувајќи со ножот, успеав да ја исечам на лицето, па затоа таа денес изгледа така."
„Ранета, таа заквичи од болка и избега. Потоа, ја искористив шансата за да се искачам на врвот на дрвото и да седнам на една долга хоризонтална гранка. И тогаш слушнав крик од Снежана и го видов чакалот без опашка како ја гризе за вратот. Во борба еден на еден, таа никогаш не би изгубила: тибетскиот мастиф може истовремено да се бори со два чакала, но околу мојата кучка имаше пет или шест чакали. Некои ја гризеа за нозете, а некои за опашката, оневозможувајќи ѝ да се движи. Чакалот без опашка беше како џелат кога ги зари своите остри песјаци длабоко во вратот на Снежана, безмилос-

но растргнувајќи ја. Бестрашна, Снежана беше совладана од многуте чакали. Знам како оперираат чакалите кога ловат: кога ќе загризат ранлив дел од нивниот плен, никогаш не попуштаат со нивниот гриз. Дури и планинските леопарди и тигрите им се плашат на чакалите поради оваа нивна страшна карактеристика."

„Сакав да ги застрелам тие два чакала и да ја спасам Снежана, но кога го протресов ќесето во кој го носев мојот барут, знаев дека немав ни зрно. Само со мојот нож не можев да им се спротивставам на тие злобни чакали. Дури и кога би имал супер моќи. Седев на дрвото и гледав како ја растргнуваат мојата Снежана. Лежеше облеана во крв. Никогаш нема да ги заборавам тој беспомошен израз во нејзините очи и очајничките крици за помош. Горе на дрвото, тие крици ми го прободуваа срцето, но не можев да сторам ништо. За неколку минути, од Снежана остана само куп коски."

„Веќе три години оттогаш ги барам тие чакали. Тие се многу итри и постојано се во движење, па не можев да ги најдам. Средбата денес беше вистинска средба на непријатели на тесен пат. Дури сега јасно видов дека проклетиот безопашест чакал уште е дел од глутницата. Се колнам како ловец дека ќе му ја откинам главата. Не, не само нему, ќе ги убијам сите до еден како одмазда за Снежана." Како што Чампа се колнеше, крцкаше со прстите, а во очите му гореше огнот на одмаздата."